ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Скопје, 31 јануари 2019

# СООПШТЕНИЕ

## за рефундирање на средства за безглутенско брашно за лица заболени од целијакиаја

Заради утврдениот недостиг на безглутенско брашно во аптеките, за лицата заболени од целијакија, како и поради реакциите на осигурениците кои не можат да го остварат правото на безглутенско брашно на рецепт на товар на Фондот, информираме за следново:

Безглутенското брашно набавено во месец јануари и февруари со лични средства на осигурениците ,во било кое продажно место ќе можат да ги рефундираат по референтна цена на Фондот.

За таа цел, осигурениците треба да поднесат во подрачните служби на Фондот: рецепт, извештај од лекар специјалист или конзилијарно мислење, согласно дијагнозата, за потребата од користење на безглутенско брашно, фискална сметка и барање.

До изнаоѓање на трајно решение, Фондот преку рефундирање на средствата на овој начин го надминува проблемот со кој се соочуват осигурениците.